Република Северна Македонија
Министерство за здравство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Shëndetësisë

19-264/1

09-01-2023

# ЗАПИСНИК

за спроведениот практичен дел од испитот за стекнуваіье со лиценца за инспектор

Согласно член 43 од Закон за инспекциски надзор ("Сл.весник на РСМ" бр.102/19 и Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор ("Сл.весник на РСМ "бр.238/19) из ден 26.12.2022 година , со почеток во 10,00 часот, во службените простории на Министерството за здравство, пред Комисија за спроведување на практичен дел од испитот за инспектор, формирана од Министерот за здравство со архивски број 17-8060/1 од 22.12.2022 година се спроведе практичен дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор

Комисија во состав:

1. Инспектор Раби Бајрами, Министерство за здравство
2. Инспектор Сефедин Јонузи, Министерство за здравство
3. Инспектор Весна Н. Димитровска, Државен санитарен и здравствен инспекторат
4. Влатко Серафимов, Инспекциски совет

Кандидатот за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е Драгана Петрушевска - Советник инспектор од областа на хемикалии, во Одделение за инспекциски надзор од областа хемикалии, Сектор за инспекциски надзор од областа на хемикалии во Министерството за здравство на кого беше дадена симулација на вонреден инспекциски надзор согласно Законот за Хемикалии.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор ("Сл.весник.на РСМ " бр.238/19, при што кандидатот за инспектор Драгана Петрушевска изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвуваіье на акти, затвораіье и документирање на инспекцискиот надзор.

Со презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот Драгана Петрушевска, Комисијата ги утврди освоените бодови, и тоа:

- Планирање и подготовка на инспекциски надзор- 14 бодови
- Спроведување на инспекциски надзор - 28 бодови
- Затворање на инспекциски надзор - 28 бодови
- Документирање на инспекциски надзор - 15 бодови

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор освои вкупно 85 бодови, со што го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Република Северна Македонија
Министерство за здравство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Shëndetësisë

Полагањето на практичниот дел за испитот се реализираше во време:
Почеток во 10,00 часот на ден 09.01.2023 година.
Завршување во 12,30 часот на ден 09.01.2023 година.

1. Инспектор Раби Бајрами, Министерство за здравство
2. Инспектор Сефедин Јонузи, Министерство за здравство
3. Инспектор Весна Н. Димитровска, Државен санитарен и здравствен инспекторат
4. Влатко Серафимов, Инспекциски совет